Врз основа на член 51 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15 и 31/16 и 163/16) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров-Скопје **го дава следното:**

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот, со дефиниран проектен опфат на **Архитектонско урбанистичкиот проект со намена А1 домување во станбени куќи за КП 1486/1 и 1486/2 КО ВОЛКОВО од Општ акт за село Волково, Општина Ѓорче Петров-Скопје , дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:**

## Јавна презентација и Јавна анкета

**Површината на проектниот опфат изнесува** 1406м2.Границите на проектниот опфат се поклопуваат со границите на КП 1486/1 и 1486/2 КО ВОЛКОВО.

- **Јавната анкета ќе трае 5 работни од 07. 02. 2017год. до 14. 02. 2017 год. согласно објавата во Соопштението .**

- **Архитектонско урбанистичкиот проект** ќе биде изложен во просториите **на Општина Ѓорче Петров –Сектор за урбанизам,комун.дејности, заштита на животна средина и локален економски развој и М.З. Волково** во период од 5 работни дена, секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот..

- **Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во** Јавните гласила „Вест" и "Утрински весник" **и во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.**

- Јавна презентација со стручно презентирање на АУП-от за претставници на **јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на 09.02.2017 (четврток) во 12$^{00}$ часот во просториите на Одделението за планирање и уредување на просторот**, додека Јавна презентација со стручно презентирање на АУП-от за **заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 09.02.2017 (четврток) во 13$^{00}$ часот во просториите на МЗ Волково**.

- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да достават забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Број 09-317/2**
**02.02 .2017 година**
**С к о п ј е**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски**

Република Македонија Општина Ѓорче Петров Скопје